РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2515/2
02-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60-та седница одржана на ден 28.01.2022 година ја донесе следната

**О д л у к а**

Пријавата со број 12 - 2515/1 од 20.07.2021 година, поднесена од непознат подносител, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што во пријавата нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност и нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата.

Предметот со број 12-2515/1 од 20.07.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 20.07.2021 година, поднесена е пријава заведена под број 12-2515/1 од 20.07.2021 година, по која е оформен предмет со наводи против сегашниот - Градоначалник на Општина --------- - ------- -------------. Пријавата е насловена како кривична пријава и во неа се наведува дека пријавеното лице незаконски ги трошел народните пари на Општината и со своето работење повеќе правел штета отколку корист, истиот оставил без работа многу семејства, затворил фирми и плацеви, вработувал само партиски војници и нему блиски лица.

При разгледувањето на пријавените наводи, ДКСК утврди дека во пријавата се содржани општи наводи, без посочување на конкретни личности и активности, по што оцени дека пријавата нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност и ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава), по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК